**Р Е П У Б Л И К А  М А К Е Д О Н И Ј А**
***МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА***

# *П Р А В И Л Н И К*

**за спроведување на процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации**

***-Скопје, ноември 2016 година-***

Врз основа на член 2 став (4) од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/16) и член 2 став (5) од Правилникот за заштитено надворешно пријавување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/16), министерот за одбрана, донесе

# *П Р А В И Л Н И К*
## *за спроведување на процедури за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации*

### *Член 1*

Со овој правилник се пропишува спроведувањето на процедурите за прием на пријави од укажувачи, издвојувањето и обработката на податоците од пријавите и преземањето мерки за обезбедување заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи и на пријави од укажувачи, а применувајќи ги прописите за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации.

### *Член 2*

Овластеното лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување и заштитено надворешно пријавување (во натамошниот текст: овластеното лице) врши прием на пријави доставени од укажувач, поединечно или групно, доставени лично во писмена форма или преку посебно поштенско сандаче поставено во објектот на Министерството за одбрана (во натамошниот текст:Министерството), или на електронското сандаче на овластеното лице, или усно на записник.

### *Член 3*

Примените пријави се заведуваат од страна на овластеното лице истиот ден по приемот со ставање на посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

Доколку пријавата е добиена усно, од страна на овластеното лице се составува записник, кој содржи: податоци за укажувачот (име и презиме, својство, степен на доверливост), податоци за лицето, односно субјектот против кое е поднесена пријава, опис на казнивото или друго незаконито и недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес, начин и форма на комуникација меѓу овластеното лице и укажувачот, прилози, датум и место на прием на пријавата и потпис на укажувачот и овластеното лице. Записникот се заведува како примена пријава.

Доколку пријавата е доставена во електронска форма, од страна на овластеното лице се печати записот и прилозите и истото се заведува како примена пријава. Доколку печатењето на прилозите е неекономично истите се чуваат во електронска форма на посебниот компјутер на овластеното лице.

### *Член 4*

По приемот и заведувањето на пријавата, овластеното лице ја разгледува и проучува содржината на пријавата и прилозите за да се утврди дали истата е логична и разумна, дали претставува пријава од укажувач согласно Законот за заштита на укажувачи, како и дали истата содржи доволно податоци за да биде проследена за натамошно постапување, а може да побара и дополнителни информации од укажувачот доколку е познат и да се консултира со други лица, а притоа да внимава на заштита на идентитетот на укажувачот.

Доколку се утврди дека пријавата не претставува, односно не се однесува на пријава на укажувач, овластеното лице веднаш во предметот става забелешка која се евидентира во посебниот деловодник, задржува копија од предметот, изготвува допис за доставување на предметот со приложените документи во оригинал до писарницата на недлежната институција, го известува подносителот на пријавата доколку е познат и го архивира предметот.

Доколку содржината на пријавата е логична и разумна и претставува пријава од укажувач, овластеното лице донесува заклучоци за натамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежноста на Министерството за постапување по пријавата, ја проследува пријавата откако претходно од истата ќе ги издвои личните податоци и податоците кои може да го разоткријат идентитетот на укажувачот доколку истиот барал да остане доверлив, до службеното лице во Министерството надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата.

Службеното лице во Министерството надлежно за постапување во областа на која се однесува пријавата, постапува по пријавата, презема мерки по истата и изготвува извештај за преземените мерки во врска со пријавата кој го доставува до овластеното лице.

Доколку се утврди ненадлежност на Министерството за постапување по пријавата, овластеното лице донесува заклучоци за натамошно постапување по пријавата кои се однесуваат на надлежноста на Министерството за постапување по пријавата, односно ако пријавата е насочена против министерот за одбрана и изготвува допис за проследување на пријавата до надлежната институција најдоцна во рок до осум дена од денот на приемот на пријавата и ја проследува до надлежна институција и изготвува допис за известување на укажувачот доколку е познат во врска со проследувањето на пријавата и го архивира предметот.

### *Член 5*

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од член 4 на овој правилник, овластеното лице без одлагање го известува министерот за одбрана, освен кога пријавата е насочена против министерот.

### *Член 6*

Овластеното лице на барање на укажувачот го известува за текот и дејствијата кои се преземени при постапување по пријавата и му овозможува увид во списите на предметот, а доколку пристапот до информациите во врска со предметот може да

има штетни последици за текот на постапката, ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот, а му овозможува увид во останатиот дел од списите на предметот.

За преземените мерки во врска со пријавата овластеното лице го известува укажувачот доколку е познат, во рок најдоцна до 15 дена од денот на приемот на пријавата.

По завршување на постапката, овластеното лице го архивира предметот и за исходот од постапката по предметот оформен по пријава го известува укажувачот доколку е познат.

***Член 7***

Заштита на личните и другите податоци кои се однесуваат на укажувачи кои барале да бидат анонимни и на доверливи пријави од укажувачи, а кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот, се врши согласно прописите од областа за заштита на личните податоци и заштита на класифицираните информации и согласно Законот за укажувачи.

***Член 8***

Овој правилник влегува во сила со денот донесувањето, а ќе се објави на огласната табла и внатрешниот Веб портал на Министерството за одбрана.

*Бр. 01-73/6/1*
21-12-2016 *2016 година*
*Скопје*

***МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА***
***Зоран Јолевски***

***Изработил:*** Митар Петковски
***Контролирал:*** Милан Андоновски
***Одобрил:*** Маја Стојановска
***Согласен:*** Елизабета Чуповска Ристова